# ПРОПОЗИЦИИ ЗА
# *КУП НА ОФМ - 2025*
# ЖЕНИ И МАЖИ

## Член 1

Натпреварувањето носи име Куп на Одбојкарската федерација на Македонија жени и мажи за натпреварувачкиот циклус 2024/2025 година (во понатамошниот текст “Куп на ОФМ – 2025“).

## Член 2

Право и должност на настап во натпреварите за Купот на ОФМ – 2025, жени и мажи, во натпреварувачкиот циклус 2024/2025 година, имаат клубовите од:
-Прва лига - жени;
-Прва лига - мажи;
- Втора лига-жени;

вклучени во редовниот систем на натпреварување на ОФМ во натпреварувачкиот циклус 2024/2025 година, според Правилникот за натпреварување на ОФМ.

**ПРВА ЛИГА – ЖЕНИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ЖОК “ВАРДАР ЕМ“** | Скопје | **(ВЕМ)** |
| 2 | **ОК “НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“** | Струмица | **(НКВ)** |
| 3 | **ОК “ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“** | Скопје | **(ЈВКВ)** |
| 4 | **ОК “РАБОТНИЧКИ-СКОПЈЕ“** | Скопје | **(РБС)** |
| 5 | **ОК “СТРУМИЦА-ЖЕНИ“** | Струмица | **(СТЖ)** |
| 6 | **ОК “ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ФФВ)** |
| 7 | **ОК “МЛАДОСТ УГД“** | Штип | **(МУГ)** |
| 8 | **ОК “УСКАНА ВОЛЕЈ“** | Кичево | **(УСК)** |

**ВТОРА ЛИГА – ЖЕНИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОК “БАМИ КОР“** | Тетово | **(БМК)** |
| 2 | **ОК “ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“** | Скопје | **(ФВЕ)** |
| 3 | **ОК “УНИВЕРЗИТЕТ во ТЕТОВО“** | Тетово | **(УТЖ)** |
| 4 | **ОК “ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ФЛВ)** |
| 5 | **ЖОК “КУМАНОВО“** | Куманово | **(КУМ)** |
| 6 | **ОК “МАКЕДОНИЈА МАКС“** | Струмица | **(МКМ)** |
| 7 | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“** | Скопје | **(ЈВБ)** |
| 8 | **ОК “ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ГЗВ)** |
| 9 | **ОК “ВИКТОРИ ВОЛЕЈ“** | Струмица | **(ВКВ)** |
| 10 | **ОК “ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ“** | Битола | **(ПЛВ)** |
| 11 | **ЖОК “ВАРДАР ЖЕНИ 2019“** | Скопје | **(ВДЖ)** |

**ПРВАТА ЛИГА – МАЖИ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ“** | Скопје | **(ЈВМ)** |
| 2 | **ОК “СТРУМИЦА 47&72“** | Струмица | **(СТР)** |
| 3 | **ОК “ВАРДАР 1947“** | Скопје | **(ВДР)** |
| 4 | **ОК “ШТИП УГД-ШТИП“** | Штип | **(ШУГ)** |
| 5 | **ОК “ВЕСНА ПРОБИШТИП“** | Пробиштип | **(ВПР)** |
| 6 | **ГОК “БОРЕЦ“** | Велес | **(БОР)** |
| 7 | **ОК „СКОПЈЕ“** | Скопје | **(СКО)** |
| 8 | **ОК “МАКЕДОНИЈА ЏИО“** | Струмица | **(ЏИО)** |
| 9 | **ОК “СУШЕВО 1978“** | Василево | **(СУШ)** |
| 10 | **ОК “ШКЕНДИЈА“** | Тетово | **(ШКД)** |
| 11 | **ОК “УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО“** | Тетово | **(УТМ)** |
| 12 | **ОК “РАБОТНИЧКИ 71&22“** | Скопје | **(РБМ)** |
| 13 | **ОК “ЛИРИЈА“** | с.Жеровјане | **(ЛИР)** |

**Член 3**

Натпреварите за Куп на ОФМ-2025, за натпреварувачкиот циклус 2024/2025, се реализираат врз основа на:

- Правилникот за натпреварување на ОФМ;
- Пропозиции за натпреварување на ОФМ за сезоната 2024/2025;
- Анекс на Пропозиции за натпреварување за сезоната 2024/2025;
- Упатство за организација на натпревари на ОФМ;
- Дисциплинскиот Правилник на ОФМ и
- Меѓународните одбојкарски правила (ФИВБ).

**Член 4**

Со натпреварувањето за Купот на ОФМ 2025 –жени и мажи, раководи Комесарот за натпреварување на ОФМ врз основа на одредбите од член 3 од овој Правилник.

**Член 5**

Учеството на клубовите од Државните лиги на ОФМ во натпреварувањето за Куп на ОФМ 2025 **е задолжително.**

Клубовите се должни, своето евентуално неучество во натпреварувањето за Куп на ОФМ 2025, во писмена форма да го пријават кај Комесарот за натпреварување на ОФМ, **3 дена** од донесувањето на Пропозициите за Куп на ОФМ 2025 година.

**Член 6**

Клубот кој нема да се вклучи во натпреварувањето за Куп на ОФМ 2025 должен е да плати **казна од 10.000,00 денари**. Средствата се уплатуваат во Фондот за заеднички трошоци во натпреварувачките лиги на ОФМ.
Клубот, којшто за време на натпреварувањето го откаже учеството во натпреварите за Куп на ОФМ, се казнува со **10.000,00 денари**.

## Член 7

Во натпреварувањето за Куп на ОФМ 2025 – жени и мажи се применува следниот систем за натпреварување:

- **Сениорска лига – жени (прва и втора) брои вкупно 19 екипи**. ПЛ-Жени брои 8 клубови и ВЛ-Жени брои 11 клубови.Се играат **два Бараж натпревара за влез во 1/8 ФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ**, според пласманот од есенскиот дел од сезоната 2024/2025. Се сретнуваат:

    - 16-то и 19-то пласираната екипа и
    - 17-то и 18-то пласирана екипа.

Натпреварот се игра на терен на подобро пласираната екипа во есенскиот дел од сезона 2024/25.
По одигрување на овие два натпревара, екипите победнички играат уште еден Бараж натпревар на терен на подобро пласираната екипа.

- победник од пар 16-19 и победник од пар 17-18.

Екипата победник од овој натпревар продолжува како 16-та екипа и натпреварувањето го продолжува во 1/8 финалните разигрувањата за КУП на ОФМ 2025 во женска конкуренција.

**1/8 ФИНАЛНИТЕ НАТПРЕВАРИ** се играат според пласманот од есенскиот дел од сезоната 2024/2025. 1/8 финалните натпревари се играат во **1 натпревар**. Се сретнуваат:

- 1-во и 16-то пласирана екипа,
- 2-ро и15-то пласираната екипа,
- 3-то и 14-то пласирана екипа,
- 4-то и 13-то пласирана екипа,
- 5-то и 12-то пласирана екипа,
- 6-то и 11-то пласирана екипа,
- 7-мо и 10-то пласирана екипа и
- 8-мо и 9-то пласирана екипа.

Натпреварите се играат на терен на подобро пласираната екипа во есенскиот дел од сезона 2024/25.
Екипите победнички во овие натпревари, продолжуваат во ¼ ФИНАЛНИ РАЗИГРУВАЊА во КУП на ОФМ 2025 во женска конкуренција.

- **Прва лига – мажи брои 13 клубови**. Се игра **Претколо за** ЧЕТВРТФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ според пласманот од есенскиот дел од сезоната 2024/2025. Претколо за ¼ натпревари се игра во **1 натпревар**. Се сретнуваат:

    - 4-то и 13-то пласирана екипа,

- 5-то и 12-то пласираната екипа,
- 6-то и 11-то пласираната екипа,
- 7-мо и 10-то пласирана екипа и
- 8-мо и 9-то пласираната екипа.

Натпреварите се играат на терен на подобро пласираната екипа во есенскиот дел од сезона 2024/25.
Екипите победнички во овие натпревари, продолжуваат во ¼ ФИНАЛНИ РАЗИГРУВАЊА во КУП на ОФМ 2025, во машка конкуренција.

**ЧЕТВРТФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ:**
Натпреварувачките парови се одредуваат по пат на јавно полудиригирано ждребување во присуство на официјалните претставници на екипите учеснички. Екипите се поделени во две групи според пласманот од есенскиот дел од сезоната 2024/2025.
Четвртфиналните натпревари се играат во **1 (еден) натпревар.** Домаќини на натпреварите се екипите од групата на подобро пласирани екипи и тие први се извлекуваат.

### Член 8

**ПОЛУФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ:**
Натпреварувачките парови во машка и женска конкуренција се одредуваат по пат на јавно ждребување во присуство на официјалните претставници на екипите учеснички.
Учествуваат победничките екипи од четвртфиналните натпревари. Полуфиналните натпревари, доколку се играат по принципот дома-гости, се играат во **две средби.**
Во случај на нерешен резултат во победи (1:1) и идентичен сет количник, се игра дополнителен "**ЗЛАТЕН**" сет со тај брек до **15** освоени поени со разлика од 2 поени.
Првиот натпревар се игра во местото на првоизвлечената екипа, а вториот натпревар во местото на второизвлечената екипа.
Подобрата екипа во вкупниот резултат од двата натпревара се пласира во финалниот натпревар.

### Член 9

**ФИНАЛНИ НАТПРЕВАРИ:**
Учествуваат победничките екипи од полуфиналните натпревари.

- **Ако се игра еден финален натпревар.**

Местото на одигрување на **финалниот натпревар** се одредува по пат на **Конкурс,** објавен од страна на Канцеларијата на ОФМ, а организаторот ќе биде објавен на јавното ждребување, со задолжително присуство на официјалните претставници на двете екипи.

Доколку постои желба од Клубовите-полуфиналисти за организација на **финален турнир и натпреварите да се играат во 2 дена**, изборот на организатор се врши по пат на Конкурс, објавен од Канцеларијата на ОФМ, а организаторот ќе биде објавен за време на јавното ждребување.

Во овој случај полуфиналните натпревари се играат првиот ден,а финалето на Куп се игра вториот ден.

**Член 10**

Доколку не се постигне претходен договор за екипа-домаќин на финалниот натпревар или турнир за Куп на ОФМ 2025, домаќин-организатор ќе биде Одбојкарската федерација на Македонија.
Во овој случај клубовите-финалисти солидарно ги покриваат трошоците за судискиот колегиум.

**Член 11**

Победничката и Второпласираната екипа во Купот на ОФМ-2025 добиваат пехари и медали за учество во финалниот натпревар во трајна сопственост, дар од Одбојкарската федерација на Македонија.

**Член 12**

Победникот на Купот на ОФМ-2025 мажи-жени или финалистот на Купот на ОФМ, во случај победникот да е воедно и шампион, се стекнува со право, во зависност од одлуката на CEV, да ја претставува Одбојкарската федерација на Македонија во CEV Европски Купови.

Сања Никчевиќ с.р.
Комесар за натпреварување на ОФМ

Скопје, 13.01.2025